БР.3 година I март 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА



- Транспарентно владеење
  Граѓани Vs општини
- Судир на интересите:
  Дали и колку успешно се спречува?
- ЕУ ги повикува Бугарија и Романија
  да ја засилат борбата против криминалот
- Електронските владини системи
  и услуги како механизам за
  намалување на корупцијата

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со поширокатa јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје
тел. (02) 3213 513
www.ccc.org.mk

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Од 1 март оваа година, секој граѓанин на Европската Унија ќе може анонимно да пријави сомневање за измама и корупција на Интернет, преку новиот електронски систем на Европската канцеларија за спречување на измами - ОЛАФ.

Во нашиот регион, корупцијата продолжува да се истакнува како една од најголемите пречки за подобар углед на земјите и за поголем прилив на странски инвестиции. Хрватска, пак, продолжува да биде светол пример за борба против корупцијата, која заеднички ја најавија новите лидери, претседателот Јосиповиќ и премиерката Косор. Под сомневање за вклученост во коруптивниот скандал со прехранбениот гигант „Подравка“, уапсен е довчерашниот заменик-премиер, Давор Поланчец. Тој е досега највисок носител на јавна функција осомничен и уапсен поради корупција.

Како тема на овој број, ви го претставуваме судирот на интереси, кој според својата природа не е корупција, но може да прерасне во неа доколку соодветно не се препознае, не се спречи и не се менаџира. Анализата нуди конкретни решенија и примери за справување со судирот на интереси.

Во текот на март Европската Унија ги објави извештаите за напредокот на Романија и на Бугарија, во кои најотворено и директно бара од двете земји да ја забрзаат борбата против корупцијата и организираниот криминал. Бугарија е предупредена дека покажува „слаби резултати“, а Романија дека „не успева да одржи динамика“ во борбата против криминалот и корупцијата.

На крајот од овој број на месечникот го анализираме сѐ почестото воведување на електронски системи во давањето владини услуги преку Интернет, процес кој, за да ја намали корупцијата, мора да опфати целосна реформа, а не да се сведе на едноставно копирање на дел од хартиената процедура и нејзино дигитализирање.

Искрено веруваме дека понудените содржини ќе го задржат вашето внимание и ќе придонесат за подигнување на свесноста за негативните последици од корупцијата и потребата од поинтензивна борба против неа.




БР. 3 година I

# МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА

- 4 ВЕСТИ
- 6 ТРАНСПАРЕНТНО ВЛАДЕЊЕ
  Граѓани Vs општини
- 8 АНАЛИЗА
  Судир на интересите: Дали и колку успешно се спречува?
- 12 РЕГИОН
  ЕУ ги повикува Бугарија и Романија да ја засилат борбата против криминалот
- 15 Е-УСЛУГИ
  Електронските владини системи и услуги како механизам за намалување на корупцијата



## ХРВАТСКА АПСИ ПОРАНЕШЕН ЗАМЕНИК-ПРЕМИЕР ЗА КОРУПЦИЈА

30 март (BalkanInsight.com) – Хрватската полиција го уапси поранешниот заменик-премиер Дамир Поланчец поради сомневање за корупција поврзана со водечката фабрика за храна „Подравка“.

Поланчец беше министер за економија и заменик-премиер до минатиот октомври, кога поднесе оставка откако беше јавно поврзан со корупцискиот скандал околу „Подравка“, но постојано ги демантираше обвинувањата за негова вклученост во аферата.

Хрватската полиција почна истрага за случајот со „Подравка“ минатиот септември, откако беше откриено дека гигантот за храна им давал заеми на други хрватски компании под сомнителни околности. Неколку раководители од Подравка претходно беа притворени под сомневање дека се обиделе да стекнат 25% од компанијата, користејќи пари на „Подравка“ насочени преку друга фабрика за храна и брокерска куќа.

Поланчец беше долгогодишен директор и член на надзорниот одбор во „Подравка“, пред да стане министер во 2005 година. Со корупциската афера се поврзува преку функцијата на министер за економија, која му овозможувала сознанија за тоа што се случувало во компанијата. Поланчец е досега највисокиот претставник на власта уапсен под сомневање за корупција, откако Хрватска ја лансираше антикорупциската битка по заминувањето на Иво Санадер од премиерската функција минатото лето и доаѓањето на Јадранка Косор. Хрватските медиуми наведуваа дека Санадер, кој ненадејно поднесе оставка минатиот јули, знаел што се случува во „Подравка“, но молчел за тоа.

„Подравка“ беше приватизирана во 1993 година и државата поседува 26% од компанијата.

## ОБСЕ ВЕЛИ ДЕКА ПОЛИЦИЈАТА МУ НАШТЕТУВА НА УГЛЕДОТ НА АЛБАНИЈА ПРЕД ИНВЕСТИТОРИТЕ

ТИРАНА, 5 март (Balkans.com) – Заменикот-амбасадор на ОБСЕ во Тирана изјави дека корупцијата најмногу му наштетува на угледот на Албанија во светот, објави весникот „Газета Шкиптаре“.

За време на работилницата за спречување на конфликтот на интереси, Рената Херманс изјави дека „корупцијата во Албанија сè уште е проблем“ и дека „таа му наштетува на угледот на Албанија во светот и го намалува интересот на инвеститорите.“

Министерот за внатрешни работи на Албанија, Љуљзим Баша, рече дека борбата против корупцијата е приоритет за Владата, а оти ова се потврдува со фактот што таа го зголемила бројот на кривични пријави против секој што учествувал во корупција.






## ЕУ ЛАНСИРА НОВ СИСТЕМ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ИЗМАМА И КОРУПЦИЈА

Корупција и измама во ЕУ сега можат да се пријават електронски и анонимно. Лансиран е нов електронски систем за известување за измами, кој им овозможува на совесните граѓани и службеници од Европската Унија на полесен и побезбеден начин да пријават сомнителни случаи во Европската канцеларија за спречување на измами (ОЛАФ).

Новиот систем е достапен од почетокот на март преку интернет-станицата на ОЛАФ: http://ec.europa.eu/anti_fraud/contact_us/index_en.html. В.д. генералниот директор на ОЛАФ, Николас Илет, вели: „Граѓаните и бизнисмените постојано нѐ прашуваат како можат да ни пристапат за да пријават сомневања за измами со фондовите на ЕУ“, додавајќи дека „одвреме-навреме исто така слушаме од јавните службеници во ЕУ дека, и покрај сите законски гаранции, граѓаните сѐ уште се претпазливи дали да ни пристапат директно кога се сомневаат дека се случува корупција“. „Нашиот нов систем за известување за измама би требало да помогне секому. Прво, на оние што сакаат да пријават случаи на корупција им нуди лесен начин за користење интерфејс. Второ, им овозможува на луѓето да пријават информација анонимно, но и да комуницираат со нашите истражувачи“, објаснува Илет.

Системот вклучува највисоки технички стандарди за целосна заштита на анонимноста на оние што пријавуваат измама и корупција, и покрај тоа што тие можат да влезат и во разговор со истражувачите на ОЛАФ. Никој не смее да го открие идентитетот на пријавувачите ако тие изберат да останат анонимни. Системот, всушност, функционира како „слепо“ поштенско сандаче во кое се оставаат пораки. За време на пилот-фазата, системот е достапен на англиски, француски, германски и холандски јазик. Но, пријавите можат да се доставуваат во ‚онлајн‘ форма на кој и да е јазик што се зборува во ЕУ. Сите примени информации внимателно се проучуваат пред да се донесе одлука да се отпочне истрага. Дури и за време на пилот-фазата на системот, неколку информации водеа кон натамошна истрага.

## ‚ТИВКАТА КОРУПЦИЈА‘ ИМ ШТЕТИ НА СИРОМАШНИТЕ ВО АФРИКА



НАЈРОБИ, Кенија, 23 март (АР) – Извештај на Светската банка наведува дека наставниците и другите јавни службеници кои не се појавуваат на своите работни места ја подгреваат т.н. тивка корупција низ целата Африка, што им штети на сиромашните луѓе кои живеат на овој континент.

Во извештајот пишува дека бројни студии што се објавени во последната деценија откриваат дека наставниците ширум Африка не се појавуваат на своите работни места во 25% од работното време. Извештајот предупредува и за ефектите што ваквото отсуство го има врз учениците.

Извештајот на Светската банка следи по сличен извештај на „Транспарентност Интернационал“, кој вели дека родители во седум африкански држави изјавуваат дека плаќаат школарина за своите деца во основното училиште, иако примарното образование, според законот, треба да биде бесплатно.

Извештајот на Светска банка открива и дека бизнисмени ширум Африка однапред очекуваат да им платат мито на јавните службеници за да ја завршат работата.



# ГРАЃАНИ VS ОПШТИНИ

*Граѓаните во локалните заедници не се целосно задоволни од работата на нивните општини и од степенот на вклученост при донесувањето на одлуките во локалните самоуправи. Општините се свесни за дел од критиките и покажуваат отвореност да им се помогне да ја унапредат својата работа.*

Градоначалници, претставници на општинските администрации, на граѓанскиот и на бизнис-секторот од Штип, Струмица, Свети Николе и Виница дебатираа во текот на март, врз основа на резултатите од длабинското истражување на актуелните практики во овие локални заедници. Истражувањето покажа дека граѓаните, бизнисмените и претставниците на невладиниот сектор од овие општини не се целосно задоволни од работата на локалните власти од аспект на нивната транспарентност и отчетност, како и од вклученоста при донесувањето на важни одлуки кои се од интерес на локалната заедница. Дебатите, по една во секоја од четирите општини, ги организираа трите организации кои партнерски го спроведуваат проектот на УСАИД за транспарентно локално владеење, Центарот за граѓански комуникации и НВО Инфоцентарот од Скопје и ЕХО од Штип, а во соработка со три други локални невладини организации: ИНИ од Виница, Организацијата на жените од Струмица и Организацијата на жените од Свети Николе.

Повеќе од сто претставници на локалните заедници речиси едногласно констатираа дека во сите овие општини има простор за унапредување на работењето во насока на поголема вклученост на локалната заедница при донесувањето важни одлуки, што ќе придонесе и кон поголемо задоволство на граѓаните, на бизнис-заедницата и на невладините организации од работењето на општините.

Претставниците на вклучените општини, предводени од нивните градоначалници, без исклучок изразија благодарност што се вклучени во проектот кој има за цел да им помогне да ја унапредат работата особено на оние полиња каде што истражувањето покажа незадоволство на граѓаните. Претставниците на општините изразија и подготвеност да ги прифатат укажувањата за начините и за формите на подобрување на нивното работење, кои освен од истражувањето, ќе произлегуваат и од работењето на тукушто отворените граѓански центри за унапредување на локалната власт. Имено, во



секоја од овие четири општини, од март 2010 година почнаа да работат вакви центри во рамките на локални невладини организации. Сите граѓани можат во секое време, слободно и без ограничување да пријават поплаки од работењето на општинските администрации, како и да понудат предлози и идеи за подобрување на работењето на локалните власти.

Дел од претставниците на општините го истакнаа особеното значење на редовната комуникација со граѓаните бидејќи, според нив, незадоволството на граѓаните многу често произлегува и од недоволното познавање на надлежностите на општината и оттука се јавуваат нивните нереални барања, кои не можат да се исполнат од страна на општинската администрација. Претставници на граѓанските организации укажаа дека општините и во случај кога не се надлежни треба да одговараат на барањата од граѓаните, наведувајќи дека не можат да ги исполнат таквите барања и образложувајќи им ги причините за тоа.

Во сите општини беше потенцирана многу важната улога што во насока на остварување на барањата на граѓаните ја имаат урбаните заедници, како основни форми за организирање на луѓето во нивните места на живеење, но и за лоцирање на проблемите и прибирање на предлози за нивно решавање.

Претставниците на локалните самоуправи признаваат дека немаат најдено ефикасен начин како да ги мотивираат граѓаните повеќе да учествуваат на јавните дебати, дискусии и презентации за прашања од важност за локалната заедница. Овде беше спомната и улогата што во насока на поголема мобилност на граѓаните можат да ја имаат локалните невладини организации, но и активностите на проектот за транспарентно локално владеење кои предвидуваат поголема вклученост на граѓаните во работењето на општините.

Што се однесува на вклученоста на бизнис-заедницата во работата на општината, претставниците на општинските администрации истакнаа дека бизнисмените повеќе се упатени за соработка со централните отколку со локалните власти. Сепак, се призна дека има простор за унапредување на оваа соработка со подеднакви и поголеми залагања од двете страни.

Во сите четири општини, без исклучок, беше истакнат проблемот со недоволната соработка и координација меѓу локалните самоуправи и подрачните единици на институциите на централно ниво (министерства, фондови, агенции и сл.).

Укажувањата на дебатите, заедно со резултатите од одделните истражувања во секоја од овие општини, ќе послужат како основа за креирање програми за обука на вработените во локалните самоуправи за унапредување на нивната работа. Заложбите и ветувањата на општините за подобрување на работењето во насока на поголема транспарентност и отчетност ќе го имаат својот прв тест во начинот на кој ќе бидат прифатени и третирани поплаките и предлозите од граѓаните, искажани во неодамна отворените граѓански центри.



Вања Михајлова, експерт за антикорупција

# СУДИР НА ИНТЕРЕСИТЕ: ДАЛИ И КОЛКУ УСПЕШНО СЕ СПРЕЧУВА?



Судирот на интереси и како тој да се идентификува, да се спречи и да се менаџира е во фокусот на вниманието насекаде во светот. Вршењето јавна функција и бројните контакти со фирми и со лица од приватните фирми може да биде искористено за продолжување на таа соработка и контакти за приватни цели, по завршувањето на функцијата или на работниот однос во јавниот сектор. Оттука и стравувањето дека ако соодветно не се идентификуваат и не се менаџираат, ваквите „сиви зони" можат да отворат простор за јавните службеници да стекнат приватни бенефиции од вршењето на функцијата. Ако се имаат предвид сè поголемата соработка и обемот на трансакциите меѓу јавниот и приватниот сектор и финансискиот интерес, тогаш нерешениот судир на интересите може да предизвика огромни трошоци во економијата на земјата – преку нарушување на конкуренцијата, дислокација на јавните ресурси и нерационално трошење на парите на даночните обврзници, што на крајот ќе резултира со губење на довербата на граѓаните во институциите на системот.

## Меѓународни правила и стандарди

На меѓународен план, прашањето за судир на интересите е регулирано во неколку документи. Во 10-те Водечки принципи на Советот на Европа за борба против корупцијата (1997) се потенцира потребата од постоењето правила на однесување за јавните службеници при извршувањето на нивната должност, „преку промовирање на соодветен начин на однесување кое се очекува од нив, како што е кодексот на однесување". Моделот на Кодексот на однесување на Советот на Европа за јавните службеници (2000), регулирајќи го судирот на интереси, упатува дека јавните службеници „не треба да бидат вклучени во каква било активност или трансакција или да стекнат некоја функција или должност, било да е платена или не, која е некомпатибилна со нивната должност како јавни службеници или ги одвраќа од нејзиното соодветно извршување ". Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (2003) бара од земјите „да усвојат, да одржуваат и да зајакнат системи кои... спречуваат судир на интересите", како и да предвидат „ограничувања за вработување на јавните службеници во приватниот сектор по заминувањето од јавниот сектор, пријавување на судир на интересите при вршењето на должноста, пријавување на имотот и на приходите стекнати надвор од службата, вработување, инвестиции, подароци или придобивки од кои може да се појави судир на интересите."

Насоките на ОЕЦД за менаџирање на судирот на интереси во јавните служби и принципите за корпоративно управување претставуваат први сеопфатни меѓународни насоки што треба да им помогнат на владите да промовираат интегритет и високи стандарди во јавниот и во приватниот сектор, како и да ги модернизираат нивните политики за решавање на судирот на интереси. Насоките тргнуваат од практичниот аспект дека не е можно да се елиминираат сите ситуации на судир на интересите, туку јавните службеници треба соодветно да го идентификуваат и да го менаџираат приватниот интерес.

## Што е судир на интересите?

Според ОЕЦД, „судир на интересите постои кога јавните службеници треба да донесат некоја одлука при вршењето на својата работа која може да влијае врз нивниот приватен интерес". ОЕЦД судирот на интереси го дефинира и како „судир помеѓу

јавните овластувања и приватниот интерес, во кој јавниот службеник има приватен интерес кој може несоодветно да влијае врз извршувањето на неговата службена должност и одговорности“.

Насоките на ОЕЦД им послужија како модел на членките, но и на други земји за изработка на сопствени насоки и практични алатки за справување со судирот на интереси. Ова особено беше поттикнато по бројните скандали на овој план и по зголемените можности за судир на интересите како резултат на сè поразвиените и почести форми на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор (партнерство, спонзорство, склучување на договори за јавни набавки, концесии, членувањето во разни советодавни одбори во јавни регулаторни агенции, трговски друштва и сл).

Во исто време, се зголемува и притисокот од бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор врз власта, да осигура дека јавните службеници ќе ја извршуваат нивната функција или должност на фер и непристрастен начин и ќе покажат „нулта толеранција“ за корупција, ефикасно справувајќи се со актуелните или со потенцијалните случаи на судир на интересите.

Ефикасната политика за менаџирање со судирот на интереси треба да направи баланс меѓу јавниот интерес – преку заштита на интегритетот на донесените одлуки и приватниот интерес на јавните службеници. Според насоките на ОЕЦД, целта на регулирањето на прашањето за судирот на интереси не е да ги спречи јавните службеници да имаат приватен интерес, туку да го заштити интегритетот на јавните политики и административни одлуки – да бидат законски засновани, непристрасни и објективни. Целта на регулирањето на ова прашање не е насочена кон спречување на соработката помеѓу јавниот сектор и бизнис-заедницата. Таа, напротив, треба да го поттикне партнерството помеѓу нив, но врз основа на јасно дефинирање на одговорноста и интегритетот на двете страни. Ова може да се постигне доколку се почитуваат неколку клучни принципи: да се штити јавниот интерес, да се поттикне транспарентноста, да се промовира индивидуалната одговорност и да се креира организациска култура која нема да толерира судир на интересите.

Треба да биде јасно дека судирот на интереси не е корупција, но доколку соодветно не се идентификува, не се менаџира и не се разреши, може да прерасне во корупција. Тоа може да се направи преку:

- идентификување на ситуациите на судир на интересите преку обезбедување јасен и реалистичен опис на околностите и односите кои можат да водат кон судир на интересите;
- спроведување политики на судир на интересите преку воспоставување процедури за идентификација, за менаџирање и за решавање на судирот на интереси, воведување санкции, вклучувајќи и дисциплинска одговорност и разрешување од функцијата;



- креирање партнерство со вработените преку публикации, подигнување на јавната свест, обука за справување со ситуациите на судир на интересите, лоцирање на потенцијалните ризични области и
- иницирање ново партнерство со бизнис-заедницата и со невладиниот сектор преку нивно вклучување во елаборирање и во имплементација на политиките на судир на интересите за јавните службеници, како и преку лоцирање на потенцијалните ризични ситуации.

## Судирот на интереси во Македонија

Македонија донесе Закон за спречување на конфликт на интересите во 2007 година по барање на ЕК, но и на Советот на Европа, како дел од антикорупциското законодавство. Соодветни одредби за спречување на судирот на интересите беа содржани во Законот за спречување на корупцијата, кои се преземени во овој посебен закон. Според Законот, под ‚судир на интереси‘ се подразбира ситуацијата кога „приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес“. Под ‚приватен интерес‘ се дефинира „материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на работите од јавен интерес”. Поимот ‚службено лице‘ ги опфаќа сите избрани и именувани лица во Собранието, во Владата, во судовите и други органи, во органите на државната управа, во општините, во градот, како и други лица кои вршат јавни овластувања.

Во 2008 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) донесе Државна програма за превенција и намалување на појавите на судир на интересите, со акциски план, врз чија основа е донесен и Водич за управување на судирот на интереси. Програмата воведе и обврска за под-

несување изјава за пријавување на приватен интерес, заради спречување на судирот на интереси. Ефектите од ваквата изјава допрва треба да се очекуваат, иако поради обемот на лицата опфатени со оваа обврска, обременоста со прашања и детали за врските со сите релевантни блиски лица, со НВО и други субјекти (но не и за политичката поврзаност, што е многу почест случај), малку е веројатно дека овие изјави воопшто ќе можат да се проверат, а не пак да се преземат одредени мерки. Поголема ефикасност би се постигнала доколку ДКСК целосно и благовремено се посвети на решавање на конкретните случаи на судир на интересите.

Неколку примери можат да илустрираат дали и колку се почитуваат обврските за спречување на судирот на интереси и за негово разрешување.

Законска обврска е службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување или е вклучено како член на телото кое ја спроведува постапката да пријави до раководителот за сите постапки за вработувања што можат да предизвикаат судир на интересите. Раководителот на органот, пак, е должен да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на судир на интересите по утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработување. Во случај на сомневање за постоење судир на интересите, може да се побара мислење од ДКСК. Прашање е дали и како во практиката се идентификуваат, се менаџираат и се решаваат неспорните случаи на судир на интересите кога, на пример, членови на семејството и други блиски лица на службените лица од министерствата и од други државни институции се вработуваат во овие органи, односно дали е побарано мислење од ДКСК за ваквите случаи и каков е нејзиниот став. Службеното лице има законска обврска да ја информира Државната комисија за секој избор, назначување, вработување или унапредување на член од семејството во кој било државен орган, орган на ЕЛС, јавно претпријатие или друго правно лице во кое има државен капитал, во рок од десет дена. За непридржувањето кон оваа обврска е предвидена и глоба во износ од 500 до 1000 евра. Меѓутоа, иако е голем бројот на вакви случаи во практиката, останува непознато колку и дали воопшто се почитува оваа законска обврска, особено кога членови од потесното семејство на високи државни функционери исто така се именувани на високи функции, кога се вработени или се унапредени, и дали Државната комисија, доколку не го сториле тоа, отпочнува постапка за изрекување санкција за сторен прекршок. Отсуството на информации се должи и на досегашното нетранспарентно работење на ДКСК.

Службеното лице има обврска „кога ќе дознае за околности што укажуваат на постоење судир на интересите, веднаш да побара изземање и да запре со своето постапување. Во случаите кога се одлучува за работи за кои службеното лице има приватен интерес, тој е должен тоа да го пријави пред расправањето и одлучувањето, или најдоцна пред почетокот на овие дејствија. Прикривањето на постоење приватен интерес претставува повреда на должноста и основа за преземање мерки за одговорност.“ Не ретко, службеното лице ќе се изземе од одлучување за одредена работа, при постоење судир на интересите, откако јавно ќе бидат обелоденети ваквите случаи, што зборува за отсуство на одговорност и несоодветна примена на Законот.

Дали, на пример, постоењето на личен финансиски интерес на службено лице кое учествувало во донесувањето одлука за наметнатата обврска за ПП апарати за сите возила, бидејќи (според известувањата на медиумите) тој или член на семејството поседувал токму таква фирма која ги увезува овие апарати, превагнал над јавниот интерес? Во овој случај е постапено спротивно на Законот, според кој „во случај на судир помеѓу приватниот и јавниот интерес, службеното лице е должно да постапи според јавниот интерес.“

Кумулацијата на функции, исто така, претставува судир на интереси. Поради тоа, се забранува „службеното лице (кое ги опфаќа покрај избраните и именувани функционери и државните и јавните службеници), да извршува друга функција, должност или активност која не е компатибилна со неговата функција, а од која остварува добивка. Неспорна и јасна е одредбата според која „избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, не може истовремено да биде член на орган на управувањето во јавно претпријатие, во трговско друштво или во друго правно лице што се занимава со дејност од која се остварува профит, а доколку порано бил избран за член во УО или друг орган, таа функција му престанува.“ За непочитување на оваа забрана е предвидена глоба во износ од 500 до 1000 евра. Во практиката, оваа одредба се применува несоодветно, па дури и селективно. На пример, високи владини функционери беа избрани или сè уште се претседатели на УО на јавни претпријатија, фондови, агенции и други институции, а одредени службени лица членуваат дури и во неколку УО, што укажува на непочитување на оваа забрана. Колебливото, несоодветно и ненавремено реагирање на ДКСК во јавноста креираше сомневање за селективност, на штета на заштитата на јавниот интерес. Како резултат на ваквата политика, сè уште одреден број службени лица и функционери членуваат во управни и други органи во јавни претпријатија, фондови и други правни лица со државен капитал. Ова е спротивно на барањето „службено лице во време на вршењето на јавните овластувања и должности (да) не смее да врши никаква дејност која може да влијае врз непристрасното извршување на функцијата и јавниот интерес.“ Оттука и прашањето чиј интерес ќе штити службеното лице со членувањето во управни и во други одбори од каде што прима надоместок и колку ќе биде непристрасно при донесувањето одлука која треба да го штити јавниот интерес.

## Како да постапат службените лица за спречување на судирот на интереси?

Еве неколку насоки за јавните службеници со цел спречување на судирот на интереси:

- При одлучувањето или давањето мислење за одредено прашање, да не се раководат од тоа дали ќе имаат лична добивка;
- Професионалните, религиските, партиските, етничките, семејните или други лични определби не смеат да влијаат при одлучувањето за одредена работа и врз нивниот интегритет;
- Да го откријат и да го ограничат приватниот финансиски интерес, личните односи или интереси кои би можеле да го компромитираат донесувањето на одлуката во која се вклучени;
- Во случаите кога е тешко да се очекува да се елиминираат односите со одредено лице (поради блиските фамилијарни врски), да се воздржат од одлучување за одредена работа која би можела да ги компромитира поради приватниот интерес што го имаат во конкретниот случај;
- Да се воздржат од стекнување на несоодветна приватна корист или бенефиција од користење на „внатрешна информација“ која не е достапна за јавноста, а со која се стекнале при извршувањето на должноста, со што ќе се спречи да бидат вмешани во приватни финансиски трансакции преку користење на доверливи податоци со кои располагаат;
- Не смеат да ја злоупотребат позицијата и државните ресурси за приватни цели (на пр. доделување договор на одредена фирма со очекување дека ќе се вработат во неа по напуштањето на јавната функција);
- Кога постои сомневање за евентуален или за потенцијален судир на интереси, тоа да го пријават кај претпоставениот и да бидат изземени од учество во донесување на одлука. Доколку не се сигурни за постоење на судир на интересите, да побараат мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата;
- Не смеат да влијаат врз донесување одлука за јавни набавки или на кој било друг начин да ја користат положбата за да влијаат врз донесувањето на одлуката, со цел да постигнат приватен интерес, корист за нив или за нивни блиски лица;
- Од јавните службеници на високи позиции се очекува да се однесуваат на начин на кој ќе демонстрираат интегритет и ќе им служат како пример на оние од понизок ранг и на јавноста во целина. При одлучувањето за одредена работа, од нив се очекува да направат баланс помеѓу интересите на институцијата, јавниот интерес и приватниот интерес.

## Како се санкционира прикривањето на судирот на интереси?

За повреда на одредбите на Законот за спречување на судирот на интереси се предвидени следните мерки: опомена, јавна опомена и иницијатива за разрешување. Опомена се изрекува ако повредата на одредбите од Законот не влијае суштински врз извршувањето на службените должности на службеното лице; јавна опомена се изрекува во случај на значително нарушување на вршењето на службената должност, а иницијатива за разрешување – во случај кога на службеното лице претходно му била изречена опомена или јавна опомена. Реално е да се очекува дека првите две мерки не можат да имаат некој посебен ефект кој би влијаел врз службените лица кон тоа да одбегнуваат или да пријават судир на интересите, посебно кога се работи за постоење личен финансиски интерес, на пр. учество при склучување договор со органот во кој се вработени, при што услугата или производите ќе ги испорача фирма во нивна сопственост или во сопственост на член од потесното семејство. Мерката ‚иницијатива за разрешување‘ многу ретко или никогаш не се применува, бидејќи услов е на службеното лице претходно да му била изречена опомена или јавна опомена, доколку не се оцени дека заради остварување на личен финансиски интерес, се злоупотребува функцијата или должноста и се постапува спротивно на јавниот интерес. Во ваквите случаи треба да се применат соодветните мерки од Кривичниот законик.



Елизабет Константинова



# ЕУ ГИ ПОВИКУВА БУГАРИЈА И РОМАНИЈА ДА ЈА ЗАСИЛАТ БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ



23 март (Блумберг) – Бугарија покажува „слаби резултати“ во борбата против митото и организираниот криминал, додека  пак Романија „не успева да одржи континуитет во своите напори”, се вели во денешниот извештај на Европската Унија.

Овие црноморски земји ѝ се приклучија на ЕУ во 2007 година, со предупредување дека треба да ја зајакнат борбата против корупцијата. Романија чека да добие 32 милијарди евра (43 милијарди долари) како помош од ЕУ до 2013 година. Бугарија, пак, ќе добие 11 милијарди евра.

Најсиромашните и најскорешните членки на ЕУ како најкорумпирани се рангираат I според истражувачката организација „Транспарентност Интернационал“, со седиште во Берлин.  Предупредувањата на ЕУ поттикнаа истражни постапки против министри, бизнисмени и пратеници. Ниту една земја не успеа да обвини позначаен политичар, а успешни беа помалку значајните случаи на корупција, кои вклучуваа градоначалници и полицајци.

Бугарија е преплавена од „континуирано лоши резултати на правосудниот систем при истрага, гонење и судење на случаи на висока корупција и организиран криминал“, им рече на новинарите во Брисел портпаролот на Комисијата, Марк Греј.

Реформите кои ѝ ги препорачува Комисијата на Бугарија „треба да прераснат во национален приоритет и мора да бидат спроведени во повеќе области за да се постигне темелна реформа на правосудството”, се наведува во извештајот. Комисијата предложи четири препораки за Романија и шест за Бугарија. Романија треба „да се стреми кон брзо усвојување на прописите за граѓанските и кривичните постапки“, се вели во извештајот.

## Потребните реформи

„Во последните шест месеци, Бугарија почна бројни важни иницијативи,“ вели ЕУ во извештајот. „Иако целисходноста на овие иницијативи може да се оцени откако од нив ќе се произведат конкретни резултати, тие укажуваат на фактот дека се препознава потребата од суштински и долгорочни реформи.“

Во Романија, според извештајот, „во судската реформа се возможни ограничени резултати“. „Јуриспруденцијата во постапките на висока корупција се одржува на неконзистентно ниво и не одвраќа од корупција. Судските процеси во случаите на висока корупција и понатаму трпат поради процедурални одложувања.”

Од последниот извештај на ЕУ, и во двете земји на власт дојдоа нови владини гарнитури кои се заколнаа на искоренување на корупцијата и на борба со жестоката рецесија. ЕУ суспендираше 500 милиони евра во субвенции кон Бугарија во 2008 година, под сомнение за постоење на мито, а поголемиот дел од средствата ги ослободи во 2009 и 2010 година, откако земјата ги реформираше агенциите задолжени за распределба.

## Транспарентност

Извештајот ѝ препорача на Бугарија да ја подобри транспарентноста на судските процеси, да ги испита „наводите за сериозна корупција“ кои вклучуваат високи функционери на Врховниот судски совет, да ги зајакне регионалните совети за борба против корупцијата, да се фокусира врз сериозниот криминал, врз перењето пари и врз „системското одземање на имотот на криминалците“.

Владата на премиерот Бојко Борисов уапси неколку членови на групи на организиран криминал, инволвирани во киднапирања, рекетирање, шверц на дрога и проституција. Тројца министри од претходната социјалистичка администрација се под истрага за злоупотреба на должноста. Никој не е осуден.

„Извештајот е корисен во давањето помош на бугарските институции да се борат против криминалот и корупцијата“, рече денеска министерката за правда во едно радиоинтервју во Софија.

Обвинителите во Романија, откако земјата се приклучи кон ЕУ, обвинија речиси 20 сегашни и поранешни министри за корупција, иако ниту еден не беше осуден. Еден министер од Владата на премиерот Емил Бок поднесе оставка по обвиненијата за корупција минатата година. Никој не е осуден.

## Испраќање порака

Извештајот ѝ препорачува на Романија да промовира мерки за превенција на високата корупција и за подобро следење на ефикасноста на судскиот систем во водењето на судските постапки за корупција, да ја подобри транспарентноста на правосудството и да се бори против митото и уцената во локалните влади.

„Извештајот испраќа порака до сите политички сили дека мора да ги поддржуваат реформите кои се неопходни за судскиот систем,“ рече денес министерот за правда Каталин Предоју, на прес-конференција пренесувана и преку телевизија во Букурешт. „Извештајот кој ќе се објави ова лето е во клучниот момент и во текот на следниве неколку дена, ќе објавиме стратегија за развој на правосудството до 2013 година.“

Влезот на Бугарија и Романија го означи второто проширување на ЕУ кон поранешниот советски блок, со цел воспоставување пазарни правила за индустриите кои опфаќаат области од енергетика и транспорт до телекомуникации и банкарство. Десет земји, вклучително и Полска и седум други нации од поранешната комунистичка Источна Европа, во мај 2005 година пристапија кон ЕУ и ја зголемија популацијата на блокот до 460 милиони.

Дарко Јаневски

# ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ВЛАДИНИ СИСТЕМИ И УСЛУГИ КАКО МЕХАНИЗАМ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА



*Има многу причини за сè почестото воведување електронски системи во давањето владини услуги преку Интернет. Но за да ја намали корупцијата, овој процес мора да опфати целосна реформа, а не да се сведе само на копирање на дел од хартиената процедура и нејзино дигитализирање.*

## Зошто владините органи воведуваат електронски системи и услуги?

Граѓаните и компаниите добиваат услуги од владините органи, исто онака како што добиваат услуги од пазарните субјекти, со таа разлика што услугите кои ги даваат владините органи се од монополски карактер – ниту еден друг субјект не може да ги обезбеди. За да нема недоразбирање, под услуга не се подразбира нешто за кое власта им излегува во пресрет на граѓаните, па затоа сите треба да им бидеме благодарни. Станува збор за обврски на владините органи кои произлегуваат од нивниот делокруг при работењето (законски надлежности). Тоа е единствениот начин преку кој граѓаните и компаниите може да ги остварат своите законски права и да ги реализираат своите интереси. Тие услуги се даваат преку различни административни постапки, кои до неодамна се спроведуваа единствено во хартиена форма и преку физичко комуницирање. Но, во последниве години започнува нивно „дигитализирање".

Постојат повеќе причини за сè почестото воведување електронски системи во работењето на органите, односно давањето на владините услуги преку Интернет.

Прво, тоа е неминовност која произлегува од современиот начин на живеење на граѓаните и работење на деловниот сектор. Државните органи не може по секоја цена да настојуваат на традиционалниот хартиен и физички начин на работење, кога фактите говорат дека компјутерската писменост и Интернет-пристапот се на високо ниво. Граѓаните и компаниите се подготвени и бараат ‚онлајн' достапност на услугите.

Второ, електронските системи ја зголемуваат ефикасноста на органите кои ги даваат услугите. Ако за добивање на одредена услуга (остварување на некое право) на традиционалниот хартиен начин се потребни денови и недели, при користење на електронски систем кој е достапен ‚онлајн' тој период повеќекратно се намалува. Класичната двонасочна поштенска комуникација, па и директното (лично) доставување на документи, трае и по неколку денови. ‚Онлајн' комуникацијата се одвива во неколку минути. Обработката на барањето добива во брзина, бидејќи нема потреба од мануелна проверка на податоците содржани во барањето и нема потреба од нивно пречукување – штом се еднаш внесени во системот, органот ги има на понатамошно располагање.

Трето, електронските системи овозможуваат повисок степен на безбедност на податоците кои се содржат во документите и кои се разменуваат меѓу граѓаните или деловниот сектор и органите на власта. За жал, и понатаму постои верување дека ставањето своерачен потпис на хартиен документ, ставањето на хартиениот документ во затворен коверт и доставувањето на ковертот преку пошта или директно на рака на примателот обезбедуваат високо ниво на безбедност и неможност за злоупотреба. Се изразува скептицизам дека тоа ниво на безбедност не може да биде обезбедено од електронски системи. Ваквите верувања се

резултат на незнаење и немаат реална основа. Имено, еден просечен електронски систем кој е направен да им биде достапен на корисниците и на јавноста преку Интернет мора да задоволува одредени безбедносни стандарди и процедури. Строгата физичка и информатичка заштита на околината во која е поставен серверот (базата на податоци), ограничениот пристап, користењето сложени кориснички имиња, лозинки и сертификати за идентификација, записите (логовите) содржани на серверот за секое преземено дејствие и слично се само дел од мерките кои ги исполнува еден систем и кои ја зголемуваат неговата безбедност. Дали е полесно неовластено да се отвори коверт во архива или во пошта или шифрирано досие на сервер?

## Дали со електронските системи може да се зголеми транспарентноста и да се намали корупцијата?

Доаѓаме до последната и најдискутабилна причина, која воедно е тема на подлабок осврт во овој текст. Дали електронските системи ја зголемуваат транспарентноста и со тоа ја намалуваат или целосно ја елиминираат корупцијата?

Корупцијата најмногу доаѓа до израз онаму каде што се вршат некакви распределби на бенефиции. Поточно, секогаш кога поради ограниченоста на средствата или на квотите потенцијалните корисници се принудени да „водат борба“ за добивање на тие бенефиции. Во такви ситуации, најчесто бројот на баратели на бенефициите е повеќекратно поголем од бројот на оние на кои можат да им бидат доделени. Во Македонија не е мал бројот на бенефициите, субвенциите, поволностите што владините органи им ги нудат на одредени категории граѓани и субјекти од приватниот сектор. Нивната распределба се спроведува преку еден вид натпревар, кој предизвикува интерес не само кај потенцијалните корисници, туку и кај пошироката јавност. За да се спроведе натпреварот, се поставуваат правила на игра во вид на услови и критериуми и се избираат судии во форма на комисија за евалуација. Досегашната практика покажа дека или не е лесно, или пак не постои желба кај функционерите да се направи објективен и непристрастен систем за распределба. Сепак, под влијание на светските трендови и под притисок на засегнатите страни, почнаа да се бараат механизми за ставање ред во распределбите. Се пристапи кон воведување електронски системи и автоматизирање на распределбите.

## Какви се конкретните резултати кои ги постигнаа електронските системи во намалување на корупцијата во Македонија?

Следните примери и констатации не се однесуваат на сите електронски системи, туку само на оние со кои се заменуваат комисиските евалуации и ранг-листи со електронски автоматизирани системи. Преку два конкретни случаи ќе се обидам да ги прикажам постигнатите резултати на планот на намалување или потполно елиминирање на корупцијата во Македонија.



Распределба на дозволите ЦЕМТ за транспортерите – Долго време во Македонија при доделувањето на меѓународните дозволи за карго-транспорт (дозволите ЦЕМТ), гледавме една иста слика. Незадоволни транспортери го обвинуваа Министерството за транспорт и врски за корупција при распределба на дозволите. Бројот на вложени жалби беше огромен, а не беше ниту мал бројот на обиди за физичка пресметка. Транспортери кои не ги задоволуваа критериумите или кои поднесуваа фалсификувани документи добиваа (голем број) дозволи, а еднаш издадените дозволи беа предмет на понатамошно нелегално препродавање меѓу самите транспортери. Крајот на овие коруптивни и незаконски дејствија беше ставен во 2006 година. Тогаш, за првпат, се примени електронски систем за распределба на дозволите ЦЕМТ, кој во понатамошните години беше проширен со електронско аплицирање, следење на искористеноста на дозволите и електронска распределба на сите можни дозволи за меѓународен карго-транспорт. Што се случи, всушност? Прво, се поставија јасни услови кој точно е способен да аплицира за распределба на дозволите, како и прецизни критериуми за распределба изразени преку математички формули. Второ, од превозниците повеќе не се бараше при аплицирањето да доставуваат документи (потврди) кои ги издаваат други органи, туку самото министерство ги презема-

ше електронските бази на податоци од тие институции (МВР, ПИОМ...). Трето и најважно, се елиминира човечкиот фактор при евалуацијата. Имено, поднесените апликации од транспортерите, чија содржина беше автоматски и директно проверувана во базите на податоци на другите органи, се ставаа во едно купче и врз основа на претходно внесените критериуми (математички формули) системот автоматски ја правеше распределбата (ги креираше листите). Работата на комисијата при Министерството се сведе на нем набљудувач на автоматските процеси. Денес, официјалните и неофицијалните жалби на транспортерите се бројат на прсти и распределбата на дозволите за нив повеќе не претставува проблем, за кој претходно губеа многу време и пари.

Не толку успешни резултати даде еден друг електронски систем, многу сличен на претходниот. Секоја година распределбите на студентските бенефиции, како што се студентските легла, стипендии и кредити, беа исполнети со бројни сомнежи за корупција, при што најголемите поплаки се однесуваа на натпреварот за место во студентските домови. Беа обвинувани одговорните во Министерството за образование и наука, директорите на студентските домови, Студентскиот сојуз... Но, и добар дел од студентите го прифатија и заиграа во орото на корупцијата. Согледувајќи го позитивното искуство со распределбата на транспортните дозволи, одговорните во Министерството за образование и наука решија да воведат ист таков електронски и ,онлајн' достапен систем за аплицирање и распределба на ограничениот број студентски легла во неколкуте студентски домови во Скопје. Спроведената распределба навистина го елиминираше човечкиот фактор и врз основа на претходно внесените критериуми и математички формули, системот автоматски направи ранг-листа на студенти-добитници на легла. Ако распределбата беше успешно завршена, тогаш зошто овој систем не е толку успешен во целина? Ваквиот заклучок произлегува од повратниот одговор на студентите. Неколку младински организации и бројни студенти изразија незадоволство и од новиот систем на распределба. Притоа, од незнаење, отровни стрели се фрлија директно врз новиот изум – електронскиот систем. А кои им беа суштинските (и издржани) забелешки? Прво, критериумите биле лошо поставени, доведувале до фаворизирање на одредена група студенти и со тоа до лоша и неправична распределба. Второ, претходно присутните нелегални препродавања на легла меѓу студентите-добитници и студентите-недобитници не беа елиминирани. И без некоја посебна анализа може да се согледа дека главните забелешки се однесуваат на фазите пред и по распределбата. Самата автоматски извршена распределба нема можности за субјективизам и корупција. Грешките се направени во претходната фаза кога се утврдувале критериумите, кои, според зборовите на студентите, не овозможувале фер распределба, и во фазата по распределбата, во која поради недостиг или непримена на контролни механизми, се овозможиле незаконски активности во форма на препродажба.

Заклучокот е дека воведувањето на електронски систем, особено кога се работи за систем преку кој се распределуваат ограничени бенефиции, кој по природа е повеќе подложен на корупција, мора да опфати целосна реформа за да резултира со успех. Таа не смее да се сведе на просто копирање на дел од хартиената процедура и нејзино дигитализирање. Таа мора да биде сеопфатна, односно мора уште на почетокот да се постават јасни и прецизни правила на игра, изразени преку објективни услови и критериуми за распределби. Уште повеќе, системот мора да биде заокружен со поставување и со применување контрола врз реализацијата на доделените бенефиции. И за двете работи, ниту еден електронски систем не може да го замени човечкиот фактор. Значи, за разлика од брзите и ефективни резултати кои електронските системи ги постигнуваат во поглед на зголемување на ефикасноста и заштедите, резултатите на планот на намалување на корупцијата бараат вложување поголем напор и волја од страна на креаторите на системите.



## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија,  преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните  страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.